Бр.12-1206/2
17.10.2022 година
С к о п ј е

До
Министерство за животна средина и
просторно планирање
- Сектор за правни и општи работи

С к о п ј е

**Предмет: Предлози и коментари по Нацрт – законот за контрола на индустриски емисии**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис Ваш бр. 12-7101/1 за произнесување на бизнис заедницата по текстот на Нацрт – законот за контрола на индустриски емисии кој е објавен и на страната на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 23.9.2022 година, по спроведена консултација и разгледување на објавеното нацрт законско решение од страна на компаниите членки, Стопанската комора на Северна Македонија ги проследува до Министерството за животна средина и просторно планирање доставените

**ПРЕДЛОЗИ И КОМЕНТАРИ**
**по Нацрт– законот за за контрола на индустриски емисии**

1. **ПРЕДЛОГ: Ставот (1) од членот 20 да се измени и да гласи:**

   *1) Операторот на инсталацијата односно постројката, која е предмет на уредување во овој закон е должен да ги чува сите документи и информации во врска со работењето на инсталацијата односно постројката кои се однесуваат на барањето за интегрираната еколошка дозвола или регистрација, издавањето на интегрираната еколошка дозвола или решението за регистрација, резултатите од мониторингот, како и документите од инспекцискиот надзор за период од најмалку **пет** години од денот на нивното издавање односно најмалку **пет** години по престанокот на работа на инсталацијата односно постројката.*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Компаниите предлагаат рокот за чување на документацијата наведена во одредбата наместо најмалку 10 години да изнесува најмалку 5 години. Претходните верзии на ова нацрт законско решение за време на неговата подготовка предвидуваа рокот за чување на документите и информациите да изнесува 5 години од денот на нивното издавање односно по престанокот на работа на инсталацијата, односно постројката и според компаниите, истото е многу попрактично решение заради поефикасно и помалку обременето работење.

2. **Ставот (3) од членот 27 да се брише.**

*Со предложената одредба се предвидува дека давањето на мислење по барањето за А-интегрирана еколошка дозвола не го ограничува правото на градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје да поднесе дополнително мислење во текот на понатамошното водење на постапката за издавање на интегрираната еколошка дозвола.*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**:* Овој став треба да се избрише бидејки е контрадикторен на ставот (2) од истиот член. Градоначалникот како орган кој има право на мислење по однос на барањето за А-интегрирана еколошка дозвола може да се додаде во точка (в) од ставот (1) од истиот член.

3. **ПРЕДЛОГ: Ставот (1) од членот 33 да се измени и да гласи:**

*„(1) Стручниот орган е должен да донесе решение за издавање на дозвола за индустриската инсталација односно постројката во рок не подолг од **90 дена** од денот кога барањето е комплетирано, како и истото да го објави на својата интернет страна веднаш по неговото донесување заедно со издадената довола."*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Компаниите укажуваат дека рокот за издавање на дозволата за индустриска инсталација, односно постројка по целосно комплетирање на барањето е многу долг и предлагаат да биде не подолг од 90 дена имајќи предвид дека брзината и квалитетот на административните постапки е предуслов за унапредување на деловната бизнис клима и непречено работење на компаниите.

4. **ПРЕДЛОГ: Ставот (7) од членот 42 да се измени и да гласи:**

*„(7) По истекот на рокот од став (6) од овој член, операторот во рок од **осум години, а за покомлексни инсталации во рок од десет години** ги усогласува условите на дозволата согласно новите барања од НДТ Заклучоците. "*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Компаниите сметаат дека предложениот рок од 4 години за усогласување на условите од дозволата со новите барања од НДТ Заклучоците е прекраток, особено за НДТ поврзани со капитални инвестиции и предлагаат усогласувањето да се врши најмалку 8 години, со дополнителни 2 години за покомлексни инсталации.

5. **ПРЕДЛОГ:**

- **Алинеја 1 од ставот (1) од членот 46 да се измени и да гласи:**

  *„- кога планира значителна промена на дејноста или активноста која претходно треба писмено да се усогласи меѓу операторот и Стручниот орган за секој случај поединечно; "*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Предложената одредба не е доволно јасна во однос на тоа што претставува значителна промена и поради тоа истата треба да се прецизира.

- **Алинеја 4 од ставот (1) од членот 46 да се брише.**

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Предложената одредба е веќе содржана во членот 45 - Измена на А-ИЕД по службена должност.

6. **ПРЕДЛОГ: Точка б) од ставот (2) од членот 49 да се брише.**

*Со предложената одредба се предвидува дека еден од случаите кога стручниот орган може да донесе решение за одземање на А-интегрирана еколошка дозвола е доколку операторот повеќе од трипати ги прекршил условите утврдени во интегрираната еколошка дозвола, што е утврдено со записници на Државниот инспекторат за животна средина.*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Компаниите кои доставија предлози и коментари сметаат дека дозволата воопшто не треба да се одзема во овој случај, бидејќи може да станува збор за одредени незначителни прекршувања на условите утврдени во интегрираната еколошка дозвола што ќе биде утврдено во записници. Дозволата пропишува начин на работење и не би требало да се одзема, за подоцна пак да се поднесува Барање за дозвола во која ќе бидат пропишани истите услови. Државниот инспектор секако има овластување во член 105 да ја забрани работата на инсталацијата, доколку утврди нерегуларности и тоа е повеќе од доволна заштита на животната средина и соодветна санкција за самата инсталација, така што одземањето е само дополнително генерирање административни постапки кои за жал се исклучително бавни. Исто така, не е јасно во кој временски рок треба трипати да бидат прекршени условите за да може да се одземе дозолата (дали од постоењето на инсталацијата или од издавањето на дозволата).

7. **Ставот (2) од членот 60 да се измени и да гласи:**

*„(2) Инсталацијата и функционирањето на автоматската опрема за мониторинг која ќе се постави согласно референтните НДТ и Законот за животна средина и поврзаните услови на интегрираната еколошка дозвола се предмет на контрола и годишни надзорни тестови **кои се вршат согласно стандарди за мерење** и се пропишани поблиску од Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:*** Компаниите сметаат дека надзорните тестови треба да се вршат согласно стандарди за мерење (пример МКС EN 14181:2015).

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Извршен директор,
м-р Антони Пешев

Изготвила: м-р Нена Николовска, експерт
Проверила/Одобрила: Билјана Пеева – Ѓуриќ, оперативен директор за претставување на членките и вмрежување